**ДИМКОВСКИ Горан**[1]

**УДК: 355.45:341.39(497.6)**
**2:341.39(497.6)**

# БЕЗБЕДНОСНАТА ДИЛЕМА ВО КОНФЛИКТОТ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА И ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИЈАТА

**Апстракт**

Конфликтот во Босна и Херцеговина може да се анализира и низ призмата на Теоријата на безбедносна дилема, која дава објаснувања како земјите и етникумите проценувајќи ги безбедносните предизвици и претпоставки на соседните држави и етникуми, може да доведат до конфликти, главно поради недостаток на доверба и други несогласувања.

Во контекст на конфликтот во БиХ, Теоријата на безбедносна дилема може да се објасни на следните начини:

Етничките и националните разлики: Државите и етничките групи во рамки на БиХ можат секој друг соседен етникум да го гледаат како потенцијална опасност за својот опстанок. На пример, босанските Срби, Хрвати и Бошњаци можат на различен начин да ги проценуваат ризиците и да имаат различна претстава за сопствената безбедност што може да доведе до меѓуетнички превирања и конфликти.

Политички и институционални структури: Нееднаквоста на политичката и економската моќ меѓу различните етнички групи може да ја засили безбедносната дилема. Доколку некоја етничка група заклучи дека некоја друга етничка група е безбедносен ризик или пак сама по себе е доминантен фактор, тоа може да ја зголеми веројатноста за конфликт.

Меѓународни интереси и влијанија: Позицијата на поранешна Југославија, во геополитичка смисла (со тоа и позицијата на БиХ, како централна република на поранешна СФРЈ) е директно засегната од влијанието на меѓународни фактори, соседни земји, меѓународни организации. Сето ова може дополнително да ја засили или да ја намали безбедноста дилема. Интервенциите на меѓународната заедница во БиХ може да влијаат на перцепциите за безбедност и да влијаат на динамиката на конфликтите.

***Клучни зборови****: Босна и Херцеговина, конфликт, геополитика, безбедносна дилема.*

**DIMKOVSKI Goran**[2]

# THE SECURITY DILEMMA IN THE CONFLICT IN BOSNIA AND HERZEGOVINA AND THE INFLUENCE OF RELIGION

**Abstract:** The conflict in Bosnia and Herzegovina can be analyzed through the lens of the Security Dilemma Theory, which explains how countries and ethnicities, assessing the security challenges and assumptions of neighboring countries and ethnicities, can lead to conflicts, mainly due to lack of trust and other disagreements.

In the context of the conflict in BiH, the Security Dilemma Theory can be explained in the following ways:

Ethnic and national differences: States and ethnic groups within BiH can see every other neighboring ethnic group as a potential threat to their survival. For example, Bosnian Serbs, Croats and Bosniaks may assess risks differently and have different perceptions of their own security, which may lead to inter-ethnic turmoil and conflict.

Political and institutional structures: Inequality of political and economic power between different ethnic groups can intensify the security dilemma. If an ethnic group concludes that another ethnic group is a security risk or is itself a dominant factor, this can increase the likelihood of conflict.

International interests and influences: The position of the former Yugoslavia, in a geopolitical sense (therefore the position of BiH, as the central republic of the former SFRY) is directly affected by the influence of international factors, neighboring countries, international organizations. All this can

[1] Студент на трет циклус студии, Правен факултет, Универзитет “Гоце Делчев” - Штип; goran.30715@student.ugd.edu.mk
[2] PhD student, Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; goran.30715@student.ugd.edu.mk

further amplify or reduce the security dilemma. Interventions by the international community in BiH can affect perceptions of security and affect the dynamics of conflicts.

***Keywords**: Bosnia and Herzegovina, conflict, geopolitics, security dilemma*

## ВОВЕД

Основата на ова истражување се настаните поврзани со конфликтот во Босна и Херцеговина и конфликтот при распадот на СФРЈ помеѓу Србија и Хрватска од аспект на концептот на безбедносна дилема и улогата на религијата во контекст на истиот конфликт.

За полесно објаснување на концептот на офанзивен и дефанзивен реализам и евентуалниот развој на теоријата на безбедносна дилема, направивме поширока анализа која им претходела на конфликтите од деведесеттите години како се создале условите за вооружен конфликт и какви настани претходат на неговиот развој. Истовремено ќе се обидеме да направиме преглед на евентуалните импликации од улогата на разликите од религиски аспект (Дугин, 2004: 23).

За разбирање на геополитичкиот аспект на Босна и Херцеговина ќе биде даден краток опис на основните геополитички гледишта и геополитичкиот контекст во кој се случува конфликтот во Босна и Херцеговина.

Со сигурност може да се каже дека безбедноста, меѓусебната недоверба и огромната разлика во огнената моќ, кои во почетокот на конфликтот ја имале засегнатите страни била основна причина за развојот на безбедносната дилема во случајот на БиХ. Ваквите факти се разбирлив, вроден нагон за самоодржување на етникумите и државите. Од историски аспект, социјалниот живот во рамки на државата го карактеризирале разни облици на несогласување од политички, економски и воен карактер. Примената на воената сила до почетокот на дваесеттиот век е основен фактор за опстанок на државите. Во поново време, ваквиот поглед е делумно изменет, од причина што има и промени во меѓународните односи. Сепак, суштинска причина за развој на безбедносната дилема е анархичноста токму во меѓународните односи. Анархијата во меѓународните односи, односно, недостатокот на врховен авторитет на меѓународен план ги присилува државите самите да се заштитуваат на начин кој ја гарантира нивната безбедност, во спротивно ризикуваат да биде загрозен нивниот опстанок (Ivanović, 2012: 55-58).

Суштинскиот дел на ова истражување, покрај објаснувањето на концептот на безбедносната дилема, структурниот реализам и дефанзивниот и офанзивниот реализам, ќе биде и разгледувањето на улогата на религијата во меѓународните конфликти. Верските конфликти е една мошне застапена форма на меѓународната сцена во подолг историски контекст. Верскиот фундаментализам, без разлика од која страна доаѓа и во каква форма, е плодно тло за конфликти зад кои стојат различни интереси и политики како што се освојувања на територии, зголемено геополитичко влијание, грабеж на природни богатства на некои земји или региони, наметнување на нови системи на трговија. Мора да се земе предвид и конкретниот интерес на религијата, еклисијалните компоненти, ерархијата, кои водени од сопствен интерес, а криејќи се зад лојалноста, припадноста, правоверноста, ги поттикнувале ентитетите и државите во конфликти кои немаат никаква врска со вистинската вера, религија, послушност и сета суштина на религиската припадност (Деспотовић и Гаћиновић, 2018: 11-12).

## ТЕОРЕТСКА РАМКА

### Историјат и објаснување на концептот на безбедносна дилема и неореализмот (структурен реализам)

Реализмот, набљудуван во историски контекст се појавува во четириесеттите години на 20 век и е еден од суштинските теориски пристапи во текот на Студената војна. Иако одиграл доминантна улога во текот на целиот период на Студената војна, ни денес неговото значење не е воопшто намалено. Реализмот се наоѓа во центарот на разбирањето на општеството и на

меѓународните односи. Суштината на овој концепт се состои во основаната претпоставка за анархичноста помеѓу државите во меѓународната политика и меѓународните односи. Предмет на анализа на теоретичарите на реализмот е државоцентричноста, како најзначајна структура во меѓународниот систем (Kenneth Waltz, 2008). Роберт Гилпин (Robert Gilpin) истакнува дека суштински предмет на интерес на реализмот е значењето на безбедноста и моќта во политиката (Gilpin, 1986: 305 според: Donnelly, 1992: 85).

Според ова, јасни се тенденциите на кои се потпира реализмот во меѓународните односи, односно, државите се суштински фактор во меѓународниот систем, меѓународната политика е заснована на анархија и борбата за сила и моќ е основен концепт на однесувањето на државите.

Во првата половина на дваесеттиот век, поточно 1939 година, Едвард Халет Кар ја објавува книгата „Кризата на дваесеттите години" во која реализмот како теориски пристап го објаснува во две варијанти: класичен реализам и неореализам.

Предмет на нашиот интерес ќе биде неореализмот, дефанзивниот реализам, офанзивниот реализам и местото на религијата во рамки на концептот на безбедносна дилема.

Неореализмот, како нов правец во рамки на реализмот е еден од најзначајните теории во меѓународните односи. Творец на овој концепт е Kenneth Waltz. Самиот концепт на неореализмот се развива во процес на сериозни дилеми во меѓународните односи во текот на дваесеттиот век. Сам по себе, неореализмот има критички однос кон класичниот реализам и е проширување на предметот на интерес и на други актери и процеси. По својата суштина, структурниот реализам (неореализмот) подразбира дека меѓународната политика треба да се изучува автономно, како и државите (Новчиќ, 2014: 113-118).

Неореализмот ги објаснува антропоцентричноста и аксиоматското тежнеење на државата да опстане во меѓународните односи. Сам по себе, тој претпоставува сила и моќ во меѓународните односи како суштински; претпоставува постојана можност за избивање на судири; тежнеењето на државата како темелно начело да опстане во меѓународните односи (Новчиќ, 2014: 117-118).

Волц истакнува дека сигурноста е основна цел во состојба на анархија. Имено, државите во недостаток на централна власт, неминовно се наоѓаат во анархична состојба. Под анархија во меѓународните односи се подразбира недостаток на врховен авторитет на меѓународен план. Во такви околности, државите се приморани да дејствуваат онака како што сметаат дека е најдобро за нивната безбедност. Во спротивно, државите сметаат дека нивната безбедност би била загрозена. Според Волц, само доколку опстанокот на државата е загарантиран, институциите и поединците во државата би тежнееле кон цели како што е мир, трговија, остварување профит. Суштината на структурниот реализам е сфаќањето дека секоја држава тежнее кон сопствен опстанок, односно сочувување на постојната состојба (status quo), во состојба на анархија во меѓународната политика.

Структурниот реализам има две варијанти: (Sneider, 2013)

- **Дефанзивен**
- **Офанзивен**.

а) **Дефанзивниот неореализам** дава рамнотежа помеѓу нападот и одбраната и во својата суштина, претпоставката, дека државите треба да одржуваат безбедност (опстанок) односно status quo. (Vilijams, 2012: 62). Во таква состојба на анархија државите склучуваат сојузи со цел да се заштитат. Дефанзивниот структурен реализам поддржува став на државите дека истите треба да ја бараат сопствената сигурност врз основа на рационални избори. Понатаму, дефанзивниот структурен реализам го поддржува агресивно-дефанзивното однесување како варијабла (Waltz, 2000: 200-202). Офанзивниот и дефанзивниот реализам како почетна точка ја земаат претпоставката дека моќта претставува суштинска карактеристика на меѓународната политика и моќта е таа која е важно средство за самопомош во состојба на анархичната природа на меѓународниот систем. Танг нагласува дека суштинските разлики помеѓу овие два правци (дефанзивен и офанзивен реализам) не се во стратегијата, дури и се стремат кон исти цели, но со различни методи (Tang, 2010: 19-29). Клучната разлика во овие два правци не е врз основа на целите кон кои тежат, туку на начините (стратегиите) со кои ги остваруваат целите.

Офанзивниот реализам усвојува офанзивна стратегија против други држави, со цел да ги оствари своите цели. Дефанзивниот реализам не усвојува офанзивни стратегии против други држави со цел остварување на своите цели. Оваа разлика помеѓу офанзивниот и дефанзивниот реализам е суштинска во објаснувањата на концептот на безбедносна дилема.

б) **Офанзивен неореализам** – Најзначајно дело кое го објаснува офанзивниот неореализам е „Трагедија на политиките на големите сили" (The tragedy of great powers politics) чиј автор е Џон Миршмаер (John Mearsheimer), кој се смета за суштински претставник на офанзивниот неореализам. Тој вели: „*Големите сили секогаш настојуваат да достигнат можности да ја зголемат својата моќ на сметка на своите ривали, при што хегемонијата е нивната конечна цел*". Ваквото тврдење ја отфрла можноста за постоење на status quo. Наместо status quo, во меѓународните односи доминираат големите сили, кои во својата суштина имаат ревизионистички цели. Истиот автор тврди дека државите ја зголемуваат својата моќ во услови на несигурност (анархија) во меѓународните односи. Целта на зголемувањето на моќта на државите е доколку е потребно да нанесат штета на некоја друга држава.

Своите заклучоци, Миршмаер ги поставува врз основа на неколку идеји поврзани со меѓународниот систем:

- Меѓународниот систем е анархичен
- Големите сили поседуваат одредена воена способност и со тоа можат да си наштетат една на друга
- Државите никогаш не можат да бидат сигурни во намерите на други држави
- Опстанокот (безбедноста) е основна цел на големите сили
- Големите сили се рационални чинители (Mearsheimer, 2001: 25-27).

Според сфаќањата на Волц, структурата на меѓународните односи тежнее кон status quo во однос на сите држави, додека, пак, Миршмаер зборува за потполно спротивен пристап, односно, моќта е доминантен постулат на однесување на државите во меѓународниот систем. Двете варијанти сметаат дека државите посакуваат безбедност, но својата цел ја остваруваат на различен начин. Во дефанзивниот неореализам, државите се однесуваат на неагресивен начин, балансирајќи ги меѓусебните односи и интереси, а моќта е само средство. Во офанзивниот неореализам, моќта е и цел и средство, државите се агресивни со цел да остварат безбедност (моќ).

Овие принципи на меѓународниот систем создаваат основа за развој на теоретскиот концепт наречен „безбедносна дилема". Безбедносната дилема создава атмосфера (во рамки на меѓународните односи и политики) во која државите вршат целосна опсервација на евентуалните воени капацитети на останатите држави и нивната способност за ги загрозат државите набљудувачи.

Концептот на безбедносна дилема е релативно нов, кој се развивал и формирал низ времето и е рефлексија на перцепцијата на меѓународната политика и меѓународните односи помеѓу државите. Основата на овој концепт е стремежот на државите за безбедност и моќ, и сето тоа како неминовност од анархијата во меѓународните односи. Постои поширока историска традиција на самиот концепт, кој го дефинирал Џон Херц во 1950 година и го нарекол „безбедносна дилема".

Во антиката, Тукидит, како атински воен старешина дал детален опис на „Пелопонеската војна", во делото „Историја на Пелопонеските војни", во која ја опишува ситуацијата непосредно пред војната помеѓу Атина и Спарта. Овој настан ја нагласува причината за војната, односно, наглото зголемување на воената моќ на Атина која донела забуна во Спарта, која загрижена за сопствената безбедност неминовно тргнала во војна (Keohane, 1986: 7).

Интелектуалниот израз кој водел кон објаснување на концептот на безбедносна дилема може да се најде и во делото „Левијатан" од авторот Томас Хобс. Тој ја објаснува суштината на состојба на анархија, која неминовно води кон развојот на безбедносната дилема, па вели, и тогаш кога нема непосреден воен судир, постои перманентна подготвеност за војна (Hobbs, 2004: 91). Напросто, секоја држава гледа на друга држава како на потенцијален непријател. Оттаму, моќта, односно надмоќта во однос на другите држави е најдобар начин за постигнување на безбедност (Hobbs, 2004: 236). Теоријата на Хобс го опишува трансферот на безбедносната дилема од поединецот на државите. Со создавањето на државите, поединецот се ослободува од

безбедносната дилема бидејќи ја добиваат гаранцијата за сопствен опстанок, токму преку државата.

## АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ: БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Во деведесеттите години од 20 век, светот беше сведок на една од најголемите трагедии во Европа по Втората светска војна. Станува збор за конфликтот во БиХ, во кој активно учествуваа сите три големи ентитети, со директно учество на Хрватска и Србија како меѓународно признати држави.

Од историска гледна точка, трите ентитети во БиХ долги години опстојуваат во рамки на СФРЈ како конститутивни единици. Комунистичкото раководство одлично ги познавало состојбите и навистина не било флоскула дека народите во БиХ (Бошњаци, Срби и Хрвати) се најсигурни во т.н. „Братство и единство“, каде била целосно исклучена можноста за конфронтации на национална основа. За жал, овие народи се нашле во една тешка геополитичка околност, но и внатрешни националистички пориви за сецесионизам. Се создале услови за анархија, односно простор каде нема легитимна надредена власт која би ја сочувала самобитноста на секој од народите во БиХ.

Трите најголеми етнички заедници во БиХ имаа политички партии: Србите - (Српска демократска партија - СДП); Хрватите - (Хрватска демократска заедница - ХДЗ); Партија на демократска акција (ПДА), како претставник на муслиманската заедница. Наведените политички партии ги застапуваа интересите на трите етнички заедници. Секоја од овие партии имаа политички легитимитет, бидејќи беа легално регистрирани и тој легитимитет беше потврден на легитимни и меѓународни признаени парламентарни избори.

Српската демократска партија се залагала за опстанок на Југославија и БиХ како составен дел на Југославија. Кога стана јасно дека нема да се случи ова, СДП прогласи право српскиот народ, како конститутивен народ на БиХ, да се изјасни на референдум. На 9 и 10 ноември 1991 година, српскиот народ се изјасни за отцепување од БиХ. Огранокот на ХДЗ како претставник на хрватскиот народ во БиХ ја исклучувал можноста за опстанок на БиХ во Југославија по осамостојувањето на Независна Хрватска. Трите етнички заедници имале и свои воени организации: Војска на Република Српска, Хрватски совет за одбрана (ХСО) (Hrvatsko vijeće obrane – HVO) и Армија на БиХ. Единствено Армијата на БиХ номинално настојувала да биде повеќеетничка војска. Сепак, на крајот на војната во 1995 година, во нејзиниот состав имало 95 проценти Бошњаци.

Од претходно наведеното, очигледно е дека граѓанската војна во БиХ која наскоро ќе избие во целата своја полнота е всушност „тристрана граѓанска војна“, силно „поддржани“ од соседните меѓународно признаени држави, Хрватска и Србија. Затоа и не може да се зборува за конфликт ограничен помеѓу босанските Срби, Хрвати и Бошњаци.

Бидејќи државната власт во БиХ колабирала во целост, при крајот на 1991 година, улогата на претставници на власта ја презела муслиманската страна. Ова оттаму што меѓународната заедница ја признала БиХ како независна држава. Оваа чудна трансформација на власта кај една од страните во конфликтот, само дополнително ја заострува состојбата и го забрзува конфликтот (Kasapović, 2015: 41-43).

За да се подготви оваа граѓанска војна имало претходно анимирање на политичките сили на териториите под контрола на секоја од етничките заедници, организирани и вооружени сили за реализација на политичките и воените цели. Неопходно било да се направи преглед на влијанието на верските институции, да се потврди инволвираноста на меѓународниот фактор во граѓанската војна во БиХ.

Муслиманската страна ја гледа БиХ како земја каде што муслиманите имаат доминантна улога и каде номинално (барем во почетокот на конфликтот) има место за други народи. Алија

Изетбеговиќ во 1990 година изјавува: „*Муслиманската држава е иднината*“, додека во 1992 година вели: „*Нема мир, ни коегзистенција помеѓу исламската вера и неисламските организации и институции*“. Така, муслиманското раководство започнува со подготовка за вооружени судири на 10 јуни 1991 година, кога на конгрес на ПДА го формира „Советот за национална одбрана“, кој е зачетник на создавањето на Армијата на БиХ.

Некогашната ЈНА, која останува под водство на српската страна во конфликтот врши делумна мобилизација на 3 октомври 1991 година.

Хрватската страна на 8 октомври 1991 година прогласува прекинување на сите односи со остатокот од СФРЈ.

Собранието на Република БиХ на 14 октомври 1991 година предлага меморандум за граѓански суверенитет во БиХ. Овој меморандум предвидува право на самоопределување на граѓаните, но не и на нации. Истиот бил разгледуван на 15 октомври 1991 година во истото Собрание и на нелегален начин, без двотретинско мнозинство (според Уставот на БиХ било неопходно двотретинско мнозинство за носење на ваков вид одлуки) овој меморандум бил усвоен.

Српскиот народ во БиХ на 10 ноември 1991 година, на референдум одлучува да остане во Југославија. Ова е почеток на крајот на БиХ и почеток на големи страдања и голем број жртви. Во вакви услови на меѓусебна недоверба и страв за сопствената безбедност започнува масовно вооружување на населението и зголемен број на инциденти на национална и верска основа. Очигледно силите на сите три етникуми во БиХ се подготвувале за вооружени судири. Во такви околности сите три етнички заедници, од една страна зборуваат за мир, а од друга страна активно се подготвуваат за вооружен судир. Официјално, муслиманите се обидуваат да ја спасат БиХ со декларацијата за сувереност, прогласувајќи неутралност, меѓународни гаранции за внатрешните граници заедно со Хрватите, независно што мислат Србите укинувајќи ја нивната вековна конститутивност. За тоа време Србите зборуваат за единствена БиХ во рамки на Југославија, а од друга страна сериозно се вооружуваат и се поддржани од остатоците од ЈНА.

Хрватското раководство се насочува кон развој на хрватски вооружени сили во деловите на БиХ кои се мнозински населени со Хрвати и имале јасна намера да ги придобијат Муслиманите за војна против Србите, со цел да се смали притисокот на ЈНА врз Хрватска. Оваа цел ја остваруваат во потполност вовлекувајќи ги муслиманите во војна, со ветување за поддршка од меѓународната заедница, меѓународно признавање на БиХ и поголема економска помош (Kasapović, 2015: 56-60).

Кога зборуваме за безбедносната дилема, обично се мисли на состојба помеѓу држави. Сепак, народите во БиХ не биле сами во целата оваа состојба. Инволвирани се Србија и Хрватска – непосредно, како независни соседни држави на БиХ. Не помалку се инволвирани и голем број меѓународни фактори. Пребрзото признавање на БиХ од страна на ЕЗ и САД, значело и неподготвено меѓународно признавање, кое во услови на општа недоверба предизвикана од внатрешни и надворешни влијанија, неминовно го предизвикала воениот конфликт во БиХ. Ниедна страна не водела сметка за потребите на другите страни, ниту ги земала предвид историските дилеми кои се провлекуваат уште од Втората светска војна. Така, Независна држава Хрватска (имала и свој огранок во БиХ), извршила голем број злосторства на територијата на БиХ врз српското и муслиманското население. Србите, пак, во текот на истата војна извршила исто така злосторства врз хрватското и муслиманското население. Муслиманите, пак, преку т.н. Ханџар дивизија „и зелените беретки“, (Ханџар дивизијата е име на воена единица која во Втората светска војна се борела на страна на фашистичките сили) извршила исто така злосторства врз српското и хрватското население. Во вакви услови и во новонастанатата ситуација и раздружувањето од СФРЈ се отвора широк дијапазон за недостаток на комуникација и меѓусебна доверба, (што е во рамки на Дефанзивниот реализам). Државите Хрватска и Србија и БиХ се *држави актери* кои делуваат во своите национални интереси за да обезбедат своја безбедност и опстанок.

Во рамки на офанзивниот реализам, Србите ја имаат ЈНА, која во меѓувреме ја напуштаат припадниците на другите ентитети (Муслимани и Хрвати, а претходно и сите други припадници од некогашните југословенски републики). ЈНА во овој период е супериорна воена сила. Таа во БиХ распоредува повеќе од 150 илјади припадници, илјада тенкови, авиони, хеликоптери, тешко вооружување и друг вид вооружување, што ја прави апсолутно надмоќна во однос на другите

ентитети, а за сметка на српските интереси. Согледувајќи ја состојбата, Хрватска забрзано се вооружува, врши мобилизација на воено способното население во БиХ и на сопствена територија. Муслиманите, пак, добиваат помош како од западните сили, така и огромни средства од исламски свет. Трката во вооружување почнала и завршила за многу кратко време. Заклучуваме дека во недостаток на одредена и единствена легитимна и авторитативна власт, државите дејствуваат да ги зголемат своите одбранбени моќи и да го намалат ризикот од губење на државноста.

Обидувајќи се да ја заштитат својата безбедност, ентитетите во БиХ всушност ги зголемиле тензиите до максимум, создавајќи услови за повеќегодишен воен конфликт.

Џон Херц нагласува дека социјалниот живот вклучува постоење на голем број меѓусебни поврзани групи кои не се организирани во повисока заедница. Каде и да постоело такво анархично општество можело да настане состојба која се нарекува концепт на безбедносна дилема. Загриженоста се однесува на тоа дека некои ентитет во случајот на БиХ би можел да биде нападнат, контролиран, угнетуван, потчинуван од страна на друг ентитет.

На ист начин, желбата за безбедност се подигнува од индивидуално ниво на општествено организирање. Ентитетите се подготвени да ги надминат своите внатрешни разлики за да се спротивставaат на третиот ентитет. Ова е случај на сојузот на хрватскиот и бошњачкиот ентитет во БиХ против српскиот ентитет, што влегува во рамки на дефанзивниот реализам.

Набљудувајќи го случајот во БиХ, ќе забележиме дека сепак главна цел на самиот конфликт е освојување на територии, зголемување на моќта, а со тоа и поголема безбедност. Понатаму важен фактор е сочувување на националниот идентитет, но не помалку и сочувување и верските чувства. Имено, сите три ентитети во БиХ се од различни религии/вероисповеди (Kasapović, 2015).

Јасно се огледува недостаток на доверба меѓу ентитетите, стравот од агресија од спротивната страна и опасност по опстанокот на нацијата и правата кои произлегуваат од Уставот на БиХ и Уставот на СФРЈ кој гарантирал рамноправност и безбедност (Hobbs, 2004).

## УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО КОНФЛИКТОТ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Кога зборуваме за улогата на религијата во конфликтот во БиХ, пред сè мислиме на улогата на „верските заедници“. Притоа, мислиме на Исламската верска заедница и Еврејската верска заедница во БиХ, а под цркви мислиме на Православната црква и Римокатоличката црква. Треба да разбереме дека под „верски заедници“ не се сметаат само религиските институции предводени од нивните верски лидери (поглавари), туку и припадниците на тие заедници кои надвор од сопствените семејства, џамии, синагоги или цркви делуваат како верници. Може да се постави прашањето (во реторичка смисла), дали клирот, (притоа мислејќи на епископи, свештеници, муфтии, имами и рабини) ги воспитува сопствените верници за општо добро! Во секуларните општества нема државна религија, но сепак религијата не е само приватна работа на граѓаните како што нè учеа во социјализмот. Тоа денес го признаваат дури и лево ориентираните политики во развиените цивилни општества. Ако религијата активно се вградувала во општеството водејќи сметка за сопствените верници да ги воспита во правец на доблесен живот, многу состојби би биле многу полесно надминливи во рамки на општеството. За конструктивна присутност на религијата во едно општество неопходна е солидарност и прифаќање на општото добро. Од друга страна, верата од христијаните бара да отфрлат било каков обид за постигнување на заедничко добро со политички средства (онака како што доброто го сфаќаме во теологијата) (Zovkić, 2013: 77-83).

Во историски контекст, верските конфликти, без разлика дали се внатре во државата или меѓудржавни, секогаш имале иста позадина. Позади верските конфликти секогаш се кријат и некои политички и економски интереси како што се грабежи, трговија со луѓе, територијални освојувања и др. Овие факти не го амнестираат значењето на религијата во создавање и развој на верски дистанци, антагонизми и конфликти, што наметнува обврска кога се зборува за верски конфликт да се анализираат основните аспекти на религијата. Злоупотребата на религијата во

минатото создала услови за најкрвави војни и страдање на многу народи. Такви примери се крстоносните војни и верските војни во Средна Европа за време на реформацијата (Становчиќ, 1999: 211-217). Оттаму, раздвојувањето на државата од религијата, значи и замена на религискиот идентитет со националниот идентитет. Без сомневање, ова е најдлабока суштинска и идеолошка промена во историјата на западната цивилизација. Самата религија и не мора да биде примарен фактор за поттикнување и одржување на динамиката на конфликтите. Улогата на религијата во конфликтите зависи од тоа како религијата допира до општеството и поединците и од степенот на развој на едно модерно општество. Во многу случаи религијата е на ниво кое е повисоко од државните закони и меѓународните договори. Оваа состојба, на ваква спротивставеност на вредностите води кон тешки конфликти, кои често се водат во име на сите големи светски религии. Мотивирани од повеќе причини, припадниците на сите религии, во различни околности ја обележаа картата на светот преку насилни конфликти, од кои исламот особено се истакнува. Куранот како света исламска книга зборува за негативен став кон било какво насилство и конфликти, зборува за толеранција меѓу луѓето без оглед на верата, инсистира на убиство исклучиво во самоодбрана. Во догматска смисла, исламот исклучува секуларност и го претпочита шеријатското право, како основа за државно уредување. (Бајагиќ и Милашиновиќ, 2006: 83-86).

Припадниците на различните религии и етнички заедници во БиХ се разликуваат во поимањето на општото добро, но секој од нив чувствува потреба за мир, правдина, економски можности. Муслиманските теолози сфаќањето за општо добро го сфаќаат во врска со традицијата во вакуфите. Муслиманите кои живеат како малцинство во немуслиманските држави настојуваат да го сочуваат својот верски идентитет и да го дадат својот придонес за добро на општеството во кое живеат. Притоа, не се потпираат само на „светите текстови“ и извори, туку и на практиката на колективната националност (Zovkić, 2013: 77-83).

Мора да нагласиме дека како во Куранот, така и во Стариот и Новиот завет се зборува дека религијата е длабоко поврзана со верските конфликти. Во Стариот завет, најважниот извор на јудаизмот, а посебно во Тората (Законот) се наоѓаат идеи кои зборуваат за војна и повикуваат на верско насилство. Новиот завет, како основа на христијанството забранува било какво насилство и војни, меѓутоа, по прогласувањето на христијанството за државна религија, војната под одредени околности може да се користи како легитимно средство, всушност, исклучиво во одбрана на сопствената земја.

Верските заедници во поранешна СФРЈ долго време биле на маргините на општествениот и јавниот живот. Српската православна црква, Римокатоличката црква и Исламската верска заедница немале некое особено влијание. Во текот на конфликтот во БиХ и после него расте влијанието на верските заедници. Има примери каде што поглаварите на верските заедници повикувале на мир, соработка и праведни решенија:

- ⇨ Повикуваат војната да се запре безусловно и по мирен пат да се решаваат споровите помеѓу Србите, Хрватите и Муслиманите.
- ⇨ По пат на преговори да се најдат праведни решенија за сите три страни во конфликтот и ја повикуваат меѓународната заедница да биде праведна кон секоја од страните.
- ⇨ Во повеќе наврати упатуваат наврати за мир, ги осудуваат воените злосторства и „етничките чистења“ и рушењето на цркви и џамии, без оглед кој го прави тоа.
- ⇨ Се организирале посебни богослужби за воспоставување на мир (во рамки на своите надлежности).
- ⇨ Патријархот на СПЦ, во повеќе наврати повикува на пост и молитва и покајание за смирување на завојуваните страни. Римокатоличкиот бискуп исто така повикува на мир, како и поглаварот на Исламската верска заедница.
- ⇨ Кога избила војната, СПЦ се дистанцирала од државната политика. Кон воените власти и кон државниот врв упатувала голем број забелешки и критики.
- ⇨ Секоја од верските заедници имала голем број хуманитарни акции во рамки на своите можности, со цел да ја олесни состојбата на засегнатите настрадани во воениот конфликт (Биговиќ, 2000: 298-299).

Политизацијата на религијата имала улога религискиот фактор да биде една од основните причини за повеќе судири на Балканот, па и на овој во БиХ. Конфликтот во БиХ се смета за верски конфликт, а во суштина ваквите конфликти се комбинација од комплексни и

прикриени интереси на верските организации кои често се злоупотребени од разни геополитички фактори и се инструментализирани од локалните, бескомпромисни политички раководства. *Во случајот на БиХ дошло до приватизација на религијата која произлегува од нејзината политизација.*

Тешко е да се направи јасна дистинкција помеѓу нормалните религиски текови, неоптоварени од било каква политичка идеологија и злоупотребата на религијата за цели кои немаат никаква поврзаност со религијата, освен нејзина злоупотреба. Факт е дека религијата има *нагласен конфликтен потенцијал*, кој за жал не е тешко да се злоупотреби во насилнички контекст во случајот на БиХ (Деспотовиħ и Гаħиновиħ, 2018: 14).

## ВРСКАТА ПОМЕЃУ РЕЛИГИЈАТА И БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА

Верските конфликти се истовремено и национални, кои можат да прераснат во судири од силен интензитет и да предизвикаат големо насилство, и притоа религиозноста, доколку се сфати како идеологија може да добие изразита милитантност и екстремизам. Така, во една особена комплексна состојба, верските судири многу лесно се трансформираат во граѓански судири, и обратно, од граѓански во верски судири (Деспотовиħ, 2014: 32).

Човекот како социјално битие има потреба да се идентификува со други луѓе и колективитети. Со идентификацијата со колективниот идентитет, индивидуата се здобива со припадност во рамки на општеството. Така, човекот се здобива со чувство на национална и етничка препознатливост.

Свеста за самобитност на еден народ, и создавањето на неговиот национален идентитет не е национализам. Дури кога националната свест ќе премине во национална идеологија, тогаш може да зборуваме за национализам. Трансформацијата на човекот од личност со национална свест до идеолог е речиси незабележителна, но неминовно води кон национализам. Кога се зборува во атрибути за сопствениот народ и неговото славно минато, а притоа се обезвреднуваат другите народи и нивната историја, се раѓа национализмот во неговата најстрашна форма.

Во услови на етноцентризам, мултиконфесионалност и мултикултурност (како во случајот со БиХ), верскиот идентитет е јадрото и на националниот идентитет. Современата цивилизација како свој основен интерес го поставува прашањето на сопствената безбедност. Безбедноста за која државите силно се залагаат, наместо да допринесе за поголема безбедност, тие исти држави го оптоваруваат современиот човек со нови безбедносни предизвици, закани и ризици (Šušnjić, 2009: 150).

## Заклучок

Суштината на концептот на безбедносна дилема е поставена далеку во минатото. Имено, уште во антиката се објаснува суштината на концептот. Дури во 50-те години на 20 век, Томас Хобс како еден од зачетниците на теоријата на безбедносна дилема ја објаснува истата и ја пренесува од нејзината природна состојба од индивидуално на државно ниво.

Класичниот реализам ја смета човековата природа за основа на политиката меѓу државите. Концептот на класичен реализам смета дека човечкото суштество е лакомо и во суштина зло, оттаму тежнее кон сила и во непрестан страв од непознатото и сопствениот опстанок. Во такви услови на анархија, желба за моќ, војната е неопходна, па секоја држава или заедница може да биде потенцијален агресор, но може да биде исто така и плен. Преостанува во секој момент можноста од војна, секој против секого, ова пак условува државата да се стреми кон моќ, односно надмоќ со цел да обезбеди опстанок. Ваквиот концепт на класичниот реализам е основа за развојот на концептот на безбедносна дилема. Иако концептот на безбедносна дилема се развил во рамки на класичниот реализам, сепак најдлабока академска разработка се случува во еден друг правец – неореализмот. Низ годините концептот еволуира во повеќе наврати,

односно многупати и надградуван, од голем број автори ќе ги истакнеме Херц и Батерфилд, Волферс, Роберт Џервис, Чарлс Гласер, Шипинг Танг и многу други.

Неопходно е да се нагласи дека концептот на безбедносна дилема и понатаму е подложен на разработка, дополнување и развој.

**Користена Литература**

1. Waltz K., (2008), Realism and international politics, Routledge.
2. Gilpin R & Keohane R.O., (1986), Neorealism and its critics, New York: Columbia University Press
3. Donnely J., (1992), Twentieth-century realism, Traditions of international ethics, 17, 85
4. Новчић Ж., (2014), Структурални реализам Кенета Волца, види во: Липовац М. & Живојиновић Д., (2014), Међународна безбедност: теоријски приступи. Београд: Иновациони центар Факултета безбедности; Нови Сад: Академска књига.
5. Snyder J., (2013), Myths of empire: Domestic politics and international ambition, Cornell University Press.
6. Tang S., (2010), A Theory of Security Strategy for Our Time: Defensive Realism, Springer.
7. Vilijams P.D., (2012), Uvod u studije bezbednosti, Beograd: Sluzbeni glasnik I Fakultet bezbednosti.
8. Дугин А., (2004), Основи геополитике, књига 1, Екопрес, Зрењанин.
9. Zovkić M., (2013), Jesu li vjerski poglavari u Bosni i Hercegovini otvoreni za nove izazove?, Vrhbosnensia: časopis za teološka i međureligijska pitanja, 17 (1).
10. Бајагић М., и Милашиновић С., (2006) Верски сукоби као савремена претња безбедности, НБП – Наука, безбедност, полиција, 11 (3).
11. Биговић Р., (2000), Црква и друштво, Хиландарски фонд при Богословском факултету СПЦ, Београд.
12. Hobbes Thomas, (2004), Leviathan, Barnes & Noble Books, New York.
13. Kasapović M., (2015), Bosna i Hercegovina 1992-1995: građanski rat, izvanjska agresija ili oboje?, Politička misao - Časopis za politologiju, (52) 2.
14. Milutinović M., (2010), Karakteristike građanskog rata u Bosni i Hercegovini, Svarog - Časopis za društvene i prirodne nauke, 1.
15. Деспотовић Љ. и Гаћиновић Р., (2018), Савремени верски сукоби као плод геополитички индуковане конфликтне прадигме, Култура Полиса – Часопис за неговање демократске политичке културе, 25 (2).
16. Деспотовић Љ., (2014), Конструкција и деконструкција идентитета, ФЕППС, Нови Сад
17. Šušnjić Đ., (2009), Religija II, značenja, teorije, preplitanja, susreti, Čigoja štampa, Beograd
18. Ivanović A., (2012), Teorije bezbednosti, Univerzitetska misao - časopis za nauku, kulturu i umjetnost, 11.